КОМУНАЛЕН ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0401-236/8
02.11 2026 год.

Врз основ на член 10 и член 45 од Законот за административни службениците („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), член 22 од Статутот на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати бр.10-1966/10 од 28.10.2026 година, а во врска со објавениот јавен оглас за вработување бр.656/2026, Директорот на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по пат на јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе

1. За извршител на работното место Раководител на одделение за општи правни работи, во Одделение за општи и правни работи, со звање Раководител на одделение, шифра КДР 01 02 Б04 076 се избира кандидатот:
   - **Марија Донева**, со идентификациски код 9F6923A, Македонец (ка)
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука на неопределено време со полно работно време, по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По објавениот јавен оглас бр.656/2026 на ден 18.09.2026 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас формирана од страна на агенцијата за администрација со решение бр.10-1966/5 од 21.09.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна селекција за административен службеник со записник бр.10-1966/6 од 06.10.2026 година и спроведе испит за административен службеник со записник бр.10-1966/8 од 22.10.2026 година, како и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со записник бр.10-1966/9 од 27.10.2026 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) и врз основа на конечната ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување на кандидат по оглас бр.656/2026 на Агенцијата за администрација бр. 10-1966/10 од 28.10.2026 година, директорот на претпријатието одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Кандидатот
- Архива

ЈКП „Комуналец“ Свети Николе
Директор,
Горан Митев